# Хуманитарна продажна изложба за настраданите во поплавите

Ми се допаѓа 7 Сподели Tweet G+1 0 Pin it

8 August, 2016 - 18:01



Продажна хуманитарна изложба на повеќе од 30 македонски уметници (сликари, графичари, цртачи, писатели, дизајнери на накит) од неколку македонски градови ќе се одржи утревечер од 20 часот во арт-кафето „Концепт 37“.

Собраните средства ќе бидат наменети за настраданите од катастрофалните поплави и невремето кои го зафатија Скопје и околината.

- Во овие тешки моменти кога сме соочени со загуба на човечки животи и големи материјални штети најмалку што можевме да направиме е да ги повикаме уметниците да донираат по едно свое уметничко дело кое ќе биде дел од оваа изложба. Собраните средства од продажбата планираме да бидат исклучиво наменети за настраданото население од поплавите. Затоа ги повикувам сите кои би сакале и можат да помогнат да не посетат утре во арт-кафето „Концепт 37“ на улица Рузвелтова 37 и заеднички да помогнеме во оваа акција, изјави Владимир Лукаш, еден од иницијаторите на настанот.

Досегашните пријавени уметниците кои ќе бидат дел од овој хуманитарен настан се: Дороти Пачкова, Јана Јакимовска, Ивана Настески, Ана Миланова, Лилика Стрезоска, Биби Клечакоска, Ена Зафировска, Натали Ристовска, Ем Елефантски, Ана Петровска, Алма Идризи, Кристина Божурска, Александра Зиновски-Вилиќ, Викторија Попоска, Маја Кировска, Дафина Џепароска, Биљана Бинчев, Снежана Мелник, Жани Ѓелевска, Јана Ацевска, Руки Чуки, Нита Муча, Леа Варошанец, Маја Чанкуловска, Натали Николовска, Дијана Томиќ, Бапси Чулкин, Мелани Дигит, Симонида Филипова Китановска, Ненад Тонкин, Љубиша Камењаров, Ване Костуранов, Тони Димитров, Урош Вељковиќ, Глигор Кузмановски, Никола Пијанманов, Ѓорѓе Јовановиќ, Иван Шопов, Сашко Илов – Дете, Владимир Лукаш, Лидија Георгиева и други.

За музичката поддршка на настанот задолжени ќе бидат Шурбе и Тони Димитров, најавуваат организаторите.